СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА КРИТИЧКИ ПРИСТАП КОН РОДОТ И СЕКСУАЛНОСТА

# ДИСКРИМИНАЦИЈА, НАСИЛСТВО И МАЛТРЕТИРАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И РОДОВ ИДЕНТИТЕТ

ИСТРАЖУВАЧКИ ИЗВЕШТАЈ

# ДИСКРИМИНАЦИЈА, НАСИЛСТВО И МАЛТРЕТИРАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И РОДОВ ИДЕНТИТЕТ

Скопје, април 2016 година

*Проектот е овозможен благодарение на финансиската поддршка од страна на Schüler Helfen Leben Stiftung од Берлин, Германија и во партнерство со Младински образовен форум.*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.647.82:305(047)
343.4

СТОЈАНОВСКИ, Кристефер
Дискриминација, насилство и малтретирање врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет : истражувачки извештај / Кристефер Стојановски ; превод Славица Димитревска. - Скопје : Здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста Субверзивен фронт, 2016. - III, 30 стр.

ISBN 978-608-65959-0-6

а) Повреда на човековите права и слободи - Дискриминација - Родови аспекти - Македонија - Извештаи
COBISS.MK-ID 100957450

*Содржината и препораките во оваа публикација не ги одразуваат ставовите на Schüler Helfen Leben Stiftung од Берлин, Германија.*

# ДИСКРИМИНАЦИЈА, НАСИЛСТВО И МАЛТРЕТИРАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И РОДОВ ИДЕНТИТЕТ


| | |
|---|---|
| **Издавач:** | Здружение за критички пристап кон родот и сексуалноста СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ<br>ул.Македонија 11/2-10, 1000 Скопје<br>E-mail: contact@s-front.org.mk<br>Web: www.s-front.org.mk |
| **За издавачот:** | Антонио Михајлов<br>*Претседател* |
| **Автор:** | Кристефер Стојановски<br>*Консултант за истражување* |
| **Уредници:** | Кристефер Стојановски<br>Антонио Михајлов |
| **Проектен асистент:** | Даниел Митковски |
| **Асистенти за истражување:** | Јована Ѓорѓиовска<br>Моника Божиноска<br>Сања Божовиќ<br>Мартина Илиевска |
| **Превод:** | Славица Димитриевска |
| **Дизајн и печат:** | Графохартија |
| **Тираж:** | 100 |

# СОДРЖИНА

СОДРЖИНА ..... 1
БЛАГОДАРНОСТ ..... 2
1. ВОВЕД ..... 3
2. МЕТОДИ ..... 4
3. ЦЕЛ НА АНКЕТАТА И ФОКУС ГРУПИТЕ ..... 4
3.1. АНКЕТА ..... 4
3.2. ФОКУС ГРУПИ ..... 5
3.3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНКЕТАТА (АДМИНИСТРИРАЊЕ) ..... 6
3.4. ПРИМЕРОЦИ ..... 6
3.5. МУЛТИ-КЛАСТЕР ПРИМЕРОК ПО СЛУЧАЕН ИЗБОР ..... 6
3.6. ПРИГОДЕН ПРИМЕРОК И ПРИМЕРОК СО „СНЕЖНА ТОПКА“ ..... 8
4. АНАЛИЗА ..... 9
4.1. КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА ..... 9
4.2. КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА ..... 9
5. НАОДИ ..... 11
5.1. ДЕМОГРАФИЈА ..... 11
5.2. ДИСКРИМИНАЦИЈА И МАЛТРЕТИРАЊЕ ..... 14
5.2.1. ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО И НАПАДИ ..... 14
5.2.2. МАЛТРЕТИРАЊЕ ..... 15
5.2.3. ДИСКРИМИНАЦИЈА ..... 16
6. ПСИХОСОЦИЈАЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ ..... 19
6.1. АНКСИОЗНОСТ ПРИ СОЦИЈАЛНА ИНТЕРАКЦИЈА ..... 19
6.2. СЕБЕ-ПРИКРИВАЊЕ ..... 20
6.3. РУМИНАТИВНИ ОДГОВОРИ ..... 21
6.4. ПОВРЗАНОСТ СО ЛГБТКИ ЗАЕДНИЦАТА ..... 23
6.5. ПЕРЦЕПЦИЈА НА ЛГБТКИ ЗАЕДНИЦАТА ..... 24
7. ДИСКУСИЈА ..... 25
8. ЗАКЛУЧОК ..... 26
9. ПРЕПОРАКИ ..... 26
10. ПОИМНИК ..... 27
11. ЗА АВТОРИТЕ ..... 29
12. ЗА СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ ..... 30

# БЛАГОДАРНОСТ

Почитувани,

Ни претставува огромна чест и задоволство да Ви го претставиме извештајот од *Истражувањето за дискриминацијата, насилството и малтретирањето врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет кај младите во Скопје*. Ова е прво истражување во Македонија од ваков вид кое го адресира проблемот со психичкото и физичкото вознемирување и малтретирање врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет кај младите во Скопје, а воедно е и првото истражување спроведено од страна на здружението за критички пристап кон родот и сексуалноста СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје.

Овој извештај ги содржи наодите од испитувањето на перцепциите и ставовите на младите од Скопје поврзани со дискриминацијата, насилството и малтретирањето врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, спроведено во периодот септември – декември 2015 година. Наодите од ова истражување ја мапираат состојбата со дискриминацијата, насилството и малтретирањето на младите ЛГБТКИ лица на подрачјето на Град Скопје и укажуваат на потребата од препознавање и адресирање на овој проблем од страна на надлежните органи и останати засегнати страни.

Ова истражување беше спроведено од страна на нашиот консултант за истражување – Кристефер Стојановски, кој ја разви методологијата на самото истражување, изврши обработка и анализа на прибраните податоци, и го напиша овој извештај од истражувањето. Во прибирањето на податоците како и во развојот на дел од методологијата, големи заслуги имаат Јована Ѓорѓиовска, Моника Божиноска, Сања Божовиќ и Мартина Илиевска од Младинскиот образовен форум, чија соработка беше пресудна за успехот во спроведувањето на ова истражување. За техничките и административни аспекти од спроведувањето на овој сеопфатен проект, голема благодарност изразувам до мојот колега, Даниел Митковски, чии сугестии, идеи и напори беа непроценливо корисни. Исто така ѝ благодарам и на Ана Мишковска Кајевска чиј придонес во самите почетоци на планирањето на овој истражувачки проект беше инспиративен.

На крај би сакал да изразам посебна благодарност до Schüler Helfen Leben Stiftung, без чија финансиска поддршка, ова истражување немаше да се спроведе.

*Антонио Михајлов*
*Претседател на*
*Субверзивен Фронт*

# 1.ВОВЕД

Поради доминантниот сексизам и хомофобија во општествата во кои живеат, особено во конзервативните општества и земји, лезбијките, геј мажите, бисексуалците, транссексуалците, квир лицата и интерсексуалците (ЛГБТКИ) често се жртви на дискриминација, малтретирање и со ограничен пристап до услуги (Канцеларијата на високиот комесар за човекови права [OHCHR] Обединети нации, 2011 година). Насилството врз сексуалните малцинства и врз оние со поинакво родово изразување и идентитет е видливо во сите региони на светот (OHCHR, 2011 година). Сексизмот, вклучувајќи ги тука хомофобијата и трансфобијата кои постојат во одредени региони и земји, негативно влијаат врз идентитетот на ЛГБТКИ лицата, по нив лично, во нивниот однос кон другите, врз нивното ментално здравје, како и врз севкупната благосостојба на овие лица.

Политиката, општеството и културата во Југоисточна Европа (ЈИЕ) и понатаму се со крајно хомофобични и негативни ставови и перцепции кон ЛГБТКИ лицата. Медиумите и организациите за човекови права во поранешните југословенски земји, Косово, Босна и Херцеговина, Србија и Македонија, известуваат за насилство врз ЛГБТКИ лицата особено на настани поврзани со ЛГБТКИ заедницата (Хоаре, 2014 година; Нилсен, 2013 година, Хјуман рајтс воч, 2013 година).

Информациите во врска со ЛГБТКИ заедницата се ограничени особено во однос на дискриминацијата и влијанијата врз нивното менталното здравје и благосостојба. Студијата од 2006 година на Меѓународното здружение на лезбијки, геј мажи, бисексуалци, транс лица и интерсексуалци Европа (Европа) посочува дека повеќето испитаници во земјите на Централна и Источна Европа не се отвораат кон семејството и пријателите. Конкретно во Македонија само 26% кажале кои се, тоа може да влијае на нивната социјална благосостојба, здравје и дејствителност (Квин, 2006 година). Понатаму, интернет анкетата на Европски мажи кои имаат секс со мажи (ЕМИС), посочува дека околу 50% од МСМ низ Балканот се сексуално несреќни (ЕМИС Мрежа, 2010 година).

Со цел да придонесеме кон оскудната литература на оваа тема, спроведовме истражувачка студија за дискриминацијата што ја трпи ЛГБТКИ младината во Македонија, фокусирајќи се на прашањето како дискриминацијата може да влијае врз психо-социјалните манифестации.

# 2.МЕТОДИ

Субверзивниот фронт во соработка со Младинскиот образовен форум спроведе студија за сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Субверзивниот фронт и Младинскиот образовен форум го спроведоа истражувањето со цел да се измери дискриминацијата и малтретирањето над лезбијките, геј мажите, бисексуалците и трансродовите лица, квир лицата и интерсексуалците (ЛГБТКИ) и не-ЛГБТКИ младите кои живеат во Скопје, Македонија (на возраст од 18 до 30 години), и да се истражи колку многу нечиј идентитет влијае врз психосоцијалните манифестации. Истражувањето опфати стратегија од мешани методи што вклучуваше квантитативна анкета и фокус групи. Подолу го претставуваме истражувањето и алатките на фокус групата користени во истражувањето.

# 3.ЦЕЛ НА АНКЕТАТА И ФОКУС ГРУПИТЕ

## 3.1.АНКЕТА

Во склоп на соработката, Субверзивниот фронт и Младинскиот образовен форум развија анкета за мерење на основните демографски белези како што се родовиот идентитет и сексуалната ориентација, како и етничката припадност, возраста, образованието и изворите на приход. Анкетата го измери и нивото на дискриминација и малтретирање со кои се соочуваат испитаниците. Исто така анкетата опфати голем број на проверени психосоцијални и дискриминациски скали со цел да се истражи како дискриминацијата, сексуалната ориентација и родовиот идентитет влијаат врз психосоцијалното функционирање на испитаниците. Користените скали се опишани подолу:

- **Искуства од секојдневна дискриминација** е скала за мерење на степенот на дискриминација со која лицата се соочуваат во секојдневниот живот. Инструментот е развиен за да се измери расната дискриминација меѓу Афроамериканците кои живеат во САД, но е спроведен и во други контексти, како што се жените Ромки во Србија и во Македонија. На скалите се поставуваат прашања за искуството со дискриминација во секојдневието на пример во продавница, во јавност, итн, како и за фреквенцијата на дискриминацијата. Прашањата потоа се обработуваат согласно сите мерки на скалата со цел да се докаже степенот на доживеаната дискриминација. Повисоки резултати се показател за повисок степен на дискриминација.
- **Скала на анксиозност при социјална интеракција**, скала од 20-прашања со вредност од нула до четири која се користи за мерење на нивото на анксиозност што одредено лице може да го доживее

при социјална интеракција. На скалата се поставуваат прашања во врска со индивидуалното однесување во социјално опкружување. Одговорите на прашањата се обработуваат за да се измери степенот на анксиозност што одредено лице може да го почувствува во социјални интеракции и ситуации. Повисоки резултати укажуваат на повисок степен на анксиозност.

- **Скала на себе-прикривање**, скала од 10 прашања со вредност од еден до пет, што ја мери тенденцијата да се прикријат некои лични информации што некој ги доживува како вознемирувачки или негативни. Скалата испитува дали одредено лице споделува лични и доверливи информации со оние со кои комуницира. Скалата го испитува нивото на себе-прикривање, повисок резултат укажува на повеќе криење.
- **Скала на руминативни одговори** е скала од 22-прашања со вредност од еден до четири, што го мери компулсивниот фокус и вниманието посветено на симптомите од нечија болка. На скалата се поставуваат прашања во врска со чувствата и вниманието што им се посветува на негативните чувства (на пример, „Зошто не можам да почнам?“ или „Зошто секогаш реагирам на ваков начин?“). Повисоки оценки значат и покомпулсивни тенденции кон депресија.
- **Скала за поврзување со ЛГБТ заедницата**, скала од 8-прашања со вредност од еден до пет што се користи кај ЛГБТ лицата за да се истражи нивото на поврзаност со пошироката ЛГБТ заедница. Оваа скала имплицитно го мери нивото на социјална кохезија во заедницата. Скалата содржи прашања како што се „Како ЛГБТ лице се чувствувам дел од заедницата“ или „За мене е многу важно што барем некои од моите пријатели се ЛГБТ“. Повисоки резултати укажуваат на повисок степен на социјална кохезија.
- **Скала за перцепција на ЛГБТ заедницата**, скала од 18-прашања со вредност од еден до пет, поставувани на не-ЛГБТ лица што ги мери нивните ставови и чувства по однос на ЛГБТ заедницата. Оваа скала го идентификува нивото на дискриминација и стигматизација што не-ЛГБТ лицата го имаат кон ЛГБТ лицата. Скалата содржи прашања како на пр. „Не би ми пречело да имам ЛГБТ пријатели“, „Верувам дека ЛГБТ лицата треба да бидат во можност да стапуваат во брак“, итн. Повисоки оценки значат и повеќе позитивни перцепции за ЛГБТ заедницата.

## 3.2.ФОКУС ГРУПИ

Покрај квантитативната анкета, Субверзивниот фронт и Младинскиот образовен форум во истражувањето вклучија и квалитативна компонента користејќи фокус групи. Со помош на фокус групите се обезбедија дополнителни контекстуални и пошаренолики информации за дискриминацијата и нејзиното влијание врз животот на ЛГБТКИ лицата кои живеат во Скопје, Македонија. Користевме упатства за фокус групите за да

ги структурираме разговорите со учесниците, иако упатствата дозволија да се формираат и органски дискусии во зависност од разговорите што се водеа во самите групи. Оваа полу-структурирана природа ни овозможи да дојдеме до дополнителни информации што можеби не беа идентификувани во првичните упатства за фокус групата. Анкетата и упатствата за фокус групата беа подготвени на англиски јазик и преведени на локалните јазици кои се користат од страна на населението на студијата (односно на македонски и на албански јазик).

## 3.3.СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНКЕТАТА (АДМИНИСТРИРАЊЕ)

Субверзивниот фронт и Младинскиот образовен форум, под раководство на својот консултант, спроведоа анкета користејќи две стратегии. Првата стратегија беше лице в лице молив-хартија анкета со млади луѓе кои живеат во сите населби на Скопје, Македонија со цел да се види дали оваа стратегија ќе обезбеди доволно разнолик примерок на ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ лица. Испечатената анкета најпрво беше тестирана за да се провери нејзината разбирливост и читкост. Онаму каде беше потребно појаснување, прашањата беа надградувани. Анкетата со учесниците се спроведуваше за отприлика 35-40 минути. Втората стратегија беше онлајн, електронска верзија на оваа анкета. Анкетата ја поставивме користејќи Survey Monkey формат и го тестиравме за да обезбедиме точност на сите шеми и логични прашања. Со цел да се обезбеди учество на ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ претставници, Субверзивниот фронт и Младинскиот образовен форум (МОФ) ги користеа постоечките контакт листи, социјални мрежи, веб страници и платени интернет медиуми за рекламирање. На учесниците им требаше околу 30-40 минути за да ја пополнат онлајн анкетата. Податоците подоцна се споредија со оние добиени преку теренското анкетирање.

## 3.4.ПРИМЕРОЦИ

Поради чувствителната природа на истражувањето и фактот дека сексуалните и родови малцинства се тешко достапна популација, за да ги поканиме поединците да учествуваат во истражувањето користевме две различни стратегии на одредување примероци.

## 3.5.МУЛТИ-КЛАСТЕР ПРИМЕРОК ПО СЛУЧАЕН ИЗБОР

Првата стратегија беше стратегија на мулти-кластер примерок по случаен избор на домаќинства / станбени згради во различни населби на Скопје, Македонија. Субверзивниот фронт и Младинскиот образовен форум користеа податоци од Државниот завод за статистика со цел проценка на обемот на општинското население. Користејќи ги овие бројки, проценивме колку учесници од секоја општина се потребни и одредивме дека вкупната

големина на примерокот треба да биде од 260 до 285 лица. Табела 1 подолу дава проценка за големината на општинскиот примерок.

Како рамки на примерокот ги користевме списоците на улици во секоја општина објавени на веб страницата на ЈП „Улици и патишта". Користејќи генератор на случајни броеви, избравме 10 до 15 улици во зависност од големината на општините и потребниот број на учесници. Во општините Аеродром, Гази Баба, Карпош, Сарај и Центар на анкетарите им беше кажано да почнат со куќа / зграда со најмалиот парен број на улицата, а потоа да се обидат со секоја втора куќа / зграда со парен број. На пример, ако најмалиот број на улицата е 4, анкетарите треба да заѕвонат на вратата на зградата / куќата со број 4, 8, 12, 16 итн. Во општините Ѓорче Петров, Бутел, Чаир, Шуто Оризари и Кисела Вода на анкетарите им беа дадени истите инструкции, но во однос на куќите / зградите кои имаат непарни броеви.

| Општина | Проценета големина по примерок | Постигната големина по примерок |
|---|---|---|
| Гази Баба | 34-36 | 34 |
| Ѓорче Петров | 18-20 | 20 |
| Карпош | 24-26 | 19 |
| Сарај | 24-26 | 28 |
| Бутел | 20-23 | 14 |
| Чаир | 35-38 | 32 |
| Шуто Оризари | 8-10 | 11 |
| Аеродром | 40-43 | 45 |
| Кисела Вода | 30-33 | 33 |
| Центар | 25-28 | 27 |
| Сопиште | 2-3 | 4 |
| **Вкупно** | 260-285 | 267 |

***Табела 1. Проценета и постигната големина на примерок од теренската анкета категоризирана по општини***

Што се однесува до зградите, на анкетарите им беше кажано да почнат со највисокиот кат, ѕвонејќи на последниот стан во зградата, односно на оној со најголем број. После тоа им беше кажано да продолжат со ѕвонење на вратата на секој трет стан. Доколку има стан / куќа во кој живеат повеќе од 2 млади лица (18-30 години), на анкетарите им беше кажано да анкетираат најмногу две од нив со цел да ја запазат разновидноста на учесниците и одговорите.

## 3.6.ПРИГОДЕН ПРИМЕРОК И ПРИМЕРОК СО „СНЕЖНА ТОПКА“

Покрај стратегијата на мулти-кластер примерок по случаен избор, користевме и посебен пригоден примерок и примерок на „снежна топка“ на ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ млади. Со цел повикување на учество за онлајн анкетата, Субверзивниот фронт и Младинскиот образовен форум (МОФ) ги користеа постоечките контакт листи, социјални мрежи, веб страници и платените интернет медиуми за рекламирање. Податоците подоцна беа споредени со оние добиени од теренската анкета. Преку е-пошта Субверзивен Фронт и МОФ го препраќаа линкот од онлајн анкетата на поголема група испитаници барајќи да се одговори на анкетата. Младите испитаници кои беа ангажирани на овој начин беа замолени да го препратат линкот на други лица кои ги исполнуваат условите за анкетирање и би биле заинтересирани да учествуваат на истата. Проценетата големина на примерокот беше 200 испитаници, но со користење на оваа стратегија беше постигнат примерок од 267.

# 4. АНАЛИЗА

## 4.1. КВАНТИТАТИВНА АНАЛИЗА

Ги користевме квантитативните податоци за да добиеме претстава за социо-демографските информации за испитаниците. Презентирани се основни фреквенции, медијани и опсег на ненормално дистрибуирани континуирани варијабли, како и аритметички средини и стандардни отстапувања за нормално дистрибуирани континуирани варијабли. Ги бодувавме претходно опишаните психосоцијални скали користејќи претходно утврдени критериуми за бодување на секоја од нив. Во зависност од скалата и текстот на прашањата, скалите беа бодувани од најниска до највисока или обратно. На пример, за Анксиозност при социјална интеракција три од прашањата (т.е. прашањата 5, 9, 11) се бодувани во обратна насока со цел да се процени валидноста на одговорот. Потоа ги собравме скоровите на скалите и го пресметавме добиениот вкупен резултат за секој учесник во истражувачката студија. Во рамките на секоја скала го меревме нивото на внатрешна конзистентност за ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ популациите со цел да се види дали секое од прашањата точно ја има измерено посакуваната конструкција (односно дали прашањата од Скалата на анксиозност при социјална интеракција точно ја измериле социјалната анксиозност кај ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ лицата). За да ја измериме внатрешната конзистентност, го пресметавме коефициентот Кронбах алфа (Cronbach α) чии вредности се вклучени подолу.

Откако беше потврдена конзистентноста, ги анализиравме вкупно собраните бодови од секоја скала за да оцениме дали постои разлика помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ учесниците. Ви ги претставуваме аритметичките средини и нивните p-вредности за ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ лица од секоја скала користејќи t-тестови за независни примероци.

## 4.2. КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА

Субверзивниот фронт и Младинскиот образовен форум користеа квалитативни методи за анализа на транскриптите од фокус групата за да ја контекстуализираат и испитаат улогата на општеството и дискриминацијата по однос на состојбата на младите кои се идентификуваат како ЛГБТКИ и кои живеат во Скопје, Македонија. Субверзивниот фронт ги транскрибираше транскриптите од фокус групата користејќи аудио снимање за време на интервјуата. Консултантот ги прочита транскриптите за да се запознае со дискусијата, прашањата и одговорите. Користејќи анализа на тематска содржина, консултантот повторно ги прочита транскриптите и ги кодираше за да анализира слични теми. Анализа на содржина е истражувачки метод кој има широка примена во различни сфери вклучувајќи ги здравствените, антрополошки и социјални политики. Тоа е метод на анализа на **текстуални**

податоци и опфаќа низа од аналитички пристапи кои се движат од импресионистичка, интуитивна, интерпретативна анализа до строго текстуална и систематска. Конкретниот вид на приод на анализа на содржина ќе варира зависно од теоретскиот и материјален интерес на истражувањето како и од проблемот што се проучува. Првично анализата на содржина се користи како квантитативен метод за да се групираат текстуални податоци во посебни категории и за да се опишат оние кои користат статистика. Применета на квалитативни податоци, анализата на содржина се фокусира на јазикот како средство за комуникација со **осврт на содржината или контекстуалното значење**. Анализата на содржина се користи за да се сумира текстот во конкретен број на категории кои имаат **слично значење**. Анализата на содржина се користи за систематски да се обработат податоците за идентификација на темите и шемите. Во следниот дел од извештајот ќе зборуваме за наодите од истражувањето.

# 5. НАОДИ

Овој дел од извештајот ги претставува наодите од онлајн и теренската анкета и опфаќа теми и соодветни цитати од фокус групите. Прво го опишуваме примерокот на истражувањето, вклучувајќи ги нивните демографски податоци, сексуална ориентација и родов идентитет. По претставување на примерокот која учествуваше, ги презентираме наодите за малтретирање, насилството и дискриминацијата со цел да се испита големината на овој проблем меѓу ЛГБТКИ младата популација во Скопје, Македонија. Потоа ги испитуваме резултатите за психосоцијалните манифестации, споредувајќи ги ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ младите. Во текот на овој дел ги опфаќаме и наодите од квалитативните податоци.

## 5.1. ДЕМОГРАФИЈА

Вкупно 287 лица ги исполнија критериумите за учество и ја пополнија онлајн анкетата, како и 265 лица кои ги исполниле критериумите за подобност и одговориле на теренското истражување. Демографската структура на учесниците во истражувањето се разликуваше во зависност од видот на примерокот и методологијата на користената анкета и покрај тоа што меѓу нив постоеја одредени сличности.

Во двете анкети, онлајн и теренската, учесниците во просек беа на возраст од 23 години движејќи се со стандардно отстапување од 3.5 (онлајн анкета) до 3.8 (теренска анкета). Поголемиот дел од учесниците се изјасниле бинарно за род што се гледа од Слика 1.




***Слика 1. Родова дистрибуција на онлајн и теренските примероци***

Низ сите демографски варијабли, вклучувајќи ги тука етничката припадност, образованието, сексуалната ориентација и ЛГБТКИ идентификацијата, постои голема разлика помеѓу онлајн примероците и

оние од терен. Слика 2. покажува дека најголем дел од лицата и во онлајн примероците и во теренските се идентификувале како Македонци. Повеќе Албанци има во теренскиот примерок (28%) отколку во онлајн примерокот (1%). Понатаму, повеќе Роми учествуваа во теренската анкета отколку на онаа онлајн (5% наспроти 0,4%).




*Слика 2. Етничка распределба во онлајн и теренските примероци*

Постоеја разлики и во степенот на образование помеѓу примероците од онлајн анкетата и онаа од терен, иако повеќето испитаници имаа универзитетска диплома или повисоко образование и во двата примероци. Слика 3. покажува дека голем дел од лицата во онлајн анкетата имаат завршено високо образование (46%) или повисоко образование (43%), додека во теренскиот примерок 30% од лицата завршиле средно образование, 47% универзитет, а 19% постдипломски студии.




*Слика 3. Највисок степен на образование добиено во онлајн и теренските примероци*

Што се однесува до само-идентификуваната сексуална ориентација, постојат најголеми разлики во одговорите помеѓу онлајн и теренските примероци. Слика 4 ја прикажува оваа голема разлика; во онлајн

примерокот 46% од испитаниците се идентификуваа како стрејт (хетеросексуалци), 26% геј мажи, лезбијки 7%, 18% бисексуалци и 3% како другите. Сепак, во теренскиот примерок 92% од лицата се идентификуваа како стрејт, 1% како геј мажи, 0% како лезбијки, 6% како бисексуалци и 0% други.




***Слика 4. Само-идентификација на сексуалната ориентација во онлајн и теренските примероци***

Користејќи ги прашањата за самопријавени родов идентитет и сексуална ориентација, искомбиниравме податоци за да ги проучиме сите лица кои би влегле во рамките на дефиницијата лезбијки, геј мажи, бисексуалци, транссексуалци, квир лица и интерсексуалци (ЛГБТКИ). Уште еднаш се појавија големи разлики помеѓу двете методи за одредување на примерокот примероци. Како што е прикажано на Слика 5., ЛГБТКИ лицата сочинуваат 54% од онлајн примерокот, но само 8% од теренскиот примерок каде што 92% од испитаниците се идентификувале како не-ЛГБТКИ лица.




***Слика 5. Распределба на лица идентификувани како ЛГБТКИ во онлајн и теренските примероци***

## 5.2.ДИСКРИМИНАЦИЈА И МАЛТРЕТИРАЊЕ

Во следниот дел известуваме за степенот на дискриминација и малтретирање доживеано од ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ младата популација во онлајн анкетата и онаа од терен. Целта е да се испита големината на овој проблем како и разликите помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ популација.

### 5.2.1. ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО И НАПАДИ

Како што се гледа од Слика 6., ЛГБТКИ лицата имаат претрпено физичко насилство многу почесто отколку она на не-ЛГБТКИ лицата. Во онлајн примерокот, 40% од лицата идентификувани како ЛГБТКИ биле физички нападнати во споредба со 15% од не-ЛГБТКИ лица (p-вредност=0.000). Постои и приближно 10% разлика во теренскиот примерок, иако ова не е статистички значајно (p-вредност > 0.05)




***Слика 6. Зачестеност на физичките нападнати лица во онлајн и теренските примероци***

*Статистички значајна разлика помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ лицата во онлајн примерокот (p-вредност=0.000)

Причината за физичките напади може да се препише на многу нешта. Сепак како најголема причина според младите од фокус групите е недостатокот од социјализација со ЛГБТКИ лица. Поради недостаток на интеракција со ЛГБТКИ лица, како и ограничено разбирање за ЛГБТКИ заедницата, за време на фокус групите младите изјавија дека многумина „се плашат од она што не го знаат“. Еден млад човек објаснува,

***„Токму поради фактот што досега не се сретнале со ова прашање …значи од мој аспект сите овие луѓе…не се запознаени со ова прашање [темата за ЛГБТКИ] или немале можност да дискутираат за тоа.”***

Овој недостаток на изложеност и дискриминација се манифестира на повеќе начини, но најзагрижувачко е насилството врз ЛГБТКИ лицата во Македонија. За време на фокус групите младите зборуваа како живеат со

физичкото насилство, за кое самите велат дека е редовна појава во Македонија и како го доживееле,

***„...бевме малку пијани, додека пешачевме тројца одеа зад нас, а еден од нив ме плукна...”***

друг учесник го раскажа своето искуство,

***„...16-годишни деца тепаа 8-годишно девојче. Ми ги земаа сите пари бидејќи бев „машкоданка“, тоа се повторуваше многупати кога пешачев со некое девојче или пак слушав закани.”***

Покрај искуствата со физичко насилство, малтретирањето е нешто што младите редовно го трпат. Во следниот дел ги презентираме наодите од искуствата на малтретирање.

## 5.2.2. МАЛТРЕТИРАЊЕ

Слично на наодите за физички напад, ЛГБТКИ лицата во онлајн примероците трпат повеќе малтретирање од не-ЛГБТКИ лицата (Слика 7.). Дваесет и четири проценти од ЛГБТКИ лицата во онлајн примероците биле малтретирани, додека само 9% од не-ЛГБТКИ (p-вредност<0.01). Во теренскиот примерок ситуацијата е обратна, 25% од не-ЛГБТКИ лица трпеле малтретирање, а само 10% од ЛГБТКИ лицата. Сепак ова е само индикативно земено предвид дека во теренскиот примерок само 20 лица се идентификувале како ЛГБТКИ, што ја намалува веродостојноста на информациите.




***Слика 7. Фреквенција на малтретирање кај онлајн и теренските примероци***

*Статистички значајна разлика меѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ лицата во онлајн примерокот (p-вредност<0.01)

Според она што ЛГБТКИ младите кои беа дел од фокус групите го кажаа, малтретирањето претставува проблем во Македонија. Интернет малтретирањето е исто така од особено значење со оглед дека социјалните

мрежи се користат доста често од ЛГБТКИ лицата за да се поврзат со слични на себе, па токму затоа истите претставуваат простор каде многу ЛГБТКИ лица се чувствуваат удобно за да споделат кои се. Пример за тоа е социјалната мрежа Фејсбук. Еден млад човек го опиша своето искуство со интернет малтретирањето,

***„Кога излезе мојата книга добивав одредени негативни коментари. Ми се обраќаше и еден човек кој беше психопат. Фејсбук има добра можност, блокирање, но сепак ме најде по име и слики и успеа да влезе во мојот круг. Бев под постојан вербален напад преку пораки, лажни профили; проповедаше дека мојата книга е одвратна.”***

Истиот млад човек продолжи да објаснува како интернет малтретирањето продолжило да прогресира и се претворило во физичко насилство.

***„Благодарение на тоа што ме бива на зборови баш таа вечер успеав да ги избегнам нападите, успеав да избегам и знаев дека треба да пријавам во полиција...наредија забранет пристап [забранетo приближување], но тој повторно се појави со закани цитирајќи го Куранот и се останато ...”***

Дополнителен проблем со кој се соочуваат ЛГБТКИ младите е високото ниво на дискриминација во нивното секојдневие. Токму за наодите од дискриминација ќе зборуваме во делот што следи.

### 5.2.3. ДИСКРИМИНАЦИЈА

Кога зборуваме за комплексноста на проблемите со кои се соочуваат ЛГБТКИ младите во Република Македонија, може слободно да кажеме дека во Македонија тие трпат постојана секојдневна дискриминација во сите сегменти на општественото живеење. Како што може да се види од Слика 8., поединци во онлајн и теренските примероци доживеале различни степени на секојдневна дискриминација. Во онлајн примерокот просечната оценка за дискриминација е 6,9, додека во теренскиот примерок истата е 11,8.

Уште поважно, и во двата примероци ЛБГТКИ лицата искусиле повисок степен на секојдневна дискриминација во споредба со своите не-ЛГБТКИ колеги. Во онлајн примерокот ЛГБТКИ лицата претрпеле двојно повеќе дискриминација од онаа кај не-ЛГБТКИ лицата (9,2 наспроти 4,1) (р-вредност=0.000). Во теренскиот примерок разликата помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ лицата бил помал, но сепак ЛГБТКИ лицата и понатаму известуваат за повисок процент на дискриминација (14,7 наспроти 11,5) (р-вредност=0,004). Овие искуства се јавуваат во различни сегменти и делови на општественото живеење во Македонија за што ќе зборуваме понатаму во текстот.




***Слика 8. Степен на дискриминација доживеан од ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ лица во онлајн и теренските примероци***

*Статистички значајна разлика помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ во онлајн примерокот (p-вредност=0.000)

#Статистички значајна разлика помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ во теренскиот примерок (p-вредност=0.004)

***„Никаква разлика нема да има доколку прво го смениме законот бидејќи политичката клима во државата е специфична и владата преку институциите ќе најде начин да го наметне своето.“***

Во фокус групите ЛГБТКИ испитаниците беа замолени да ги објаснат своите искуства со дискриминацијата во различните сфери од животот, на училиште, во допир со законот, од националните институции и во секојдневните социјални интеракции. Многумина од ЛГБТКИ младите беа обесхрабрени и безнадежни по однос на моменталното политичко расположение за подобрување на животната положба на ЛГБТКИ идентификуваните лица во Македонија.Владините притисоци и контролата над медиумите продолжува и понатаму да го подига степенот на дискриминација што го трпи ЛГБТКИ популацијата.

***„Не сме видливи нигде. Дури ни 5 минути на ТВ. Доведени сме во опасност и како активисти. Не постои правна рамка, државата не гарантира безбедност, дури ни тоа, поттикнува насилство. Ако ги земеме предвид сиве овие околности, како може да постоиме? Мора да постои поддршка за да не чувствуваме страв по нашите животи.”***

Освен за степенот на дискриминација од страна на државата како и за негативните притисоци, младите истовремено зборуваа и за големото присуство на дискриминацијата во образовниот систем. Образовните институции каде младите луѓе најмногу го минуваат своето време, тука влегуваат наставниците и административниот кадар, треба да имаат поголема свесност за потребите на ЛГБТКИ популацијата. Сепак, горе посочените искази покажуваат дека токму спротивното се случува поради

што и понатаму се придонесува кон влошување на и така негативната и непријателска средина во која живеат ЛГБТКИ лицата.

***„Наставничката по математика не сакаше да ми ја поправи оценката бидејќи не ме сакаше, не изгледав како девојче. Класната ми стави двојка само за да ме мотивира да станам повеќе девојче и покрај тоа што сите останати оценки ми беа петки. Згора на тоа кога бев во друг клас кај една другарка, класната прашала „Каде е тоа момче?“, а класот одговорил дека таа е девојче. Таа рекла, „Ги жалам тие родители, родиле хермафродит, треба да се убие”***

Понатаму, младите дискутираа и дека геј лицата во споредба со лезбијките се поголеми жртви на дискриминација и физичко насилство.

***„Мислам дека во нашето општество поприфатливо е да се биде лезбијка отколку геј маж.”***

Како што посочи еден друг млад човек, не станува збор за вистинско прифаќање,

***„Повеќе е фетиш отколку вистинско прифаќање.”***

бидејќи зборуваме за доста мизогино и шовинистичко општество. Кога се мисли на жените, мажите на некој начин ја прифаќаат информацијата дека една жена може да биде лезбијка сè додека таа се вклопува во нивниот фетиш. Овој мизогин став е широко распространет низ цела Македонија, а според зборовите на една млада жена, таквиот впечаток е дури присутен и во образовниот систем.

***„Еднаш кога на академија дискутиравме за иритација на грлото, еден од моите професори објасни како да го смириш грлото со прст и кажа „Девојки, за вас тоа не треба да претставува проблем.”***

Поради моменталната шовинистичка и мизогина природа на општеството, родот кај жената на некој начин може да ѝ обезбеди одредена заштита, барем што се однесува до нејзината сексуална ориентација. Сепак, бидејќи геј мажите не се дел од тој фетиш и се во спротивност на веќе востановените правила, нивното однесување се смета за неморално, одвратно и поради тоа геј мажите се поизложени на насилство.

***„Имам пријател кој вели „Навистина е слатко кога гледаш како лезбијки се милуваат. Од друга страна истиот тој ги напаѓа геј мажите и ги тепа!”***

Проблемот со дискриминацијата, малтретирањето и насилството може да остави сериозни негативни последици по менталното здравје и психосоцијална состојба кај ЛГБТКИ младите. Во следниот дел споредбено ќе ги проучиме токму овие разлики меѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ младината.

# 6. ПСИХОСОЦИЈАЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ

## 6.1. АНКСИОЗНОСТ ПРИ СОЦИЈАЛНА ИНТЕРАКЦИЈА

ЛГБТКИ лицата како и другите ранливи категории може да страдаат од негативни психосоцијални манифестации, како на пример анксиозност при социјална интеракција. Поради дискриминацијата, насилството и малтретирањето со кое се соочуваат, ЛГБТКИ популацијата многупати и сама се исклучува од социјална интеракција. Кога пак ќе се најдат во социјално опкружување може да доживеат висок степен на анксиозност.

На Слика 9. токму тоа е прикажано. ЛГБТКИ лицата во онлајн примерокот имаат повисок резултат на Скалата за анксиозност при социјална интеракција споредено со своите не-ЛГБТКИ врсници. За оваа скала, резултат од скоро 30 или повеќе е индикатор дека овие лица страдаат од блага форма на социјална анксиозност.

Во онлајн примерокот ЛГБТКИ лицата покажуваат за 30% повисок резултат од не-ЛГБТКИ лицата (p-вредност=0.000). Разликата е дури поголема меѓу ЛГБТКИ лицата во теренскиот примерок. Во теренскиот примерок ЛГБТКИ лицата имале во просек резултат од 50, додека не-ЛГБТКИ лицата резултат во просек 20 што е за 50% повисок (p-вредност=0.000). И двата наода укажуваат дека ЛГБТКИ лицата во Македонија доживуваат повисок степен на анксиозност кога се наоѓаат во социјална интеракција и ситуации.




***Слика 9. Анксиозност при социјална интеракција помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ лицата во онлајн и теренските примероци***

*Статистички значајна разлика помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ лицата во онлајн примерокот (p-вредност=0.000)

#Статистички значајна разлика помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ лицата во теренскиот примерок (p-вредност=0.000)

Овие наоди покажуваат дека многу ЛГБТКИ лица во јавност се чувствувале неудобно, додека во социјална средина со други ЛГБТКИ лица чувството е многу попозитивно.

***„Имам проблем со срамот. Моите родители знаат за мене, но никој од пошироката фамилија не знае за тоа. Мислев тоа нема да ми смета, но ми смета. Немам желба за интеракција со (нив) бидејќи не ме знаат...“***

Погоре изнесеното покажува дека всушност младите чувствуваат анксиозност и недостаток на желба за интеракција со оние лица кои можеби не знаат за нивната сексуална определба или родов идентитет. Ова негативно влијае врз нивната способност да водат автентичен живот, а може да имаат и други негативни ментално-здравствени последици.

## 6.2.СЕБЕ-ПРИКРИВАЊЕ

Покрај проблемот со анксиозноста, многумина ЛГБТКИ лица имаат проблеми и со можноста да водат отворен и автентичен живот. Во земји и контексти со негативни перцепции и конзервативни вредности, постои тенденција за криење на сопствениот идентитет.

Меѓу испитаниците во Македонија утврдивме висок степен на себе-прикривање на Скалата за себе-прикривање (Слика 10). Највисокиот потенцијален резултат на оваа скала е 50, а како што може да се види подолу, повеќето од младите имале резултат над 50-тиот процент.




***Слика 10. Себе-прикривање помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ лицата во онлајн и теренските примероци***

*Статистички значајна разлика помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ во онлајн примерокот (p-вредност=0.016)

#Статистички значајна разлика помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ во теренскиот примерок (p-вредност=0.001)

ЛГБТКИ младите во онлајн примерокот имале во просек резултат од 27.4 додека истиот бил 24.4 за не-ЛГБТКИ младите, за 12% разлика (р-вредност=0.016). Поголеми разлики постоеле во теренскиот примерок. Младите во теренскиот примерок покажале во просек резултат од 30 додека не-ЛГБТКИ младите имале просечен резултат од 21.3, разлика од 40% (р-вредност=0.001).

Младите лица користат себе-прикривање како заштитен механизам посебно во однос на нивните родители и семејства. И покрај тоа што појаснуваат дека се отворени кон своите пријатели, особено кон оние блиските, многумина велат дека не се „надвор (out)“ за своите родители и семејството. Оние пак кои ја споделиле својата сексуална ориентација или родов идентитет со своите родители обично велат дека тоа за нив е негативно искуство кое може да ги одреди нивните идни одлуки „да се откријат“ пред другите.

***„Поентата е да се вклопиш во зоната на комодитет и да не штрчиш. Значи сѐ дури сме во зоната на комодитет и не штрчиме, продолжуваме да работиме на нашиот професионален развој, сѐ дотогаш сме добри и прифатени.”***

Поради страв од негативни последици постои недостаток од обелоденување на сексуалната ориентација и родов идентитет во работната средина.

***„Безнадежност. Тоа влијае на ЛГБТКИ популацијата во смисла дека не сакаат да се откријат бидејќи не мислат дека ќе бидат заштитени. Не се чувствуваат безбедно. Затоа луѓето го кријат својот вистински идентитет за да превенираат ваков вид на (насилна) ситуација.”***

Поради недостаток на сигурност, висок степен на дискриминација и насилство доживеано од страна на многу ЛГБТКИ лица, истите имаат кажано дека не се чувствуваат безбедно за да бидат „out“.

## 6.3.РУМИНАТИВНИ ОДГОВОРИ

Последиците од малтретирањето, дискриминацијата, насилството, себе-прикривањето и анксиозноста може да влијаат крајно негативно врз менталното здравје на оние кои го искусуваат сево ова на дневна основа.

***„Психолошкото насилство е многу полошо отколку физичкото…психолошкото останува до крајот на животот, посебно во текот на критичните периоди на развој кога личноста се формира. Не мора да биде физичко за да биде страшно.”***

Кога ги испитуваме резултатите од менталното здравје преку Скалата на руминативни одговори, мерка за справување со одредени ситуации и депресија, откривме дека всушност ЛГБТКИ младите лица имаат повеќе проблеми во однос на менталното здравје споредено со оние на не-ЛГБТКИ

(Слика 11.). Највисокиот можен резултат на оваа скала е 88, уште еднаш повеќето ЛГБТКИ млади лица имаат резултати над 50-тиот процент.

Во онлајн примерокот ЛГБТКИ лицата на Скалата добиле резултат од 47.7, додека не-ЛГБТКИ 45.6, што е 5% разлика. Статистички оваа разлика не е значајна (p-вредност>0.05). Во теренскиот примерок резултатите на младите ЛГБТКИ лица се многу повисоки. Во теренскиот примерок тие имале во просек резултат од 51.7, а не-ЛГБТКИ просечен резултат од 43.1 (p-вредност=0.000). Оваа вкупна разлика од 20% укажува на фактот дека процентот на ЛГБТКИ млади лица со полоши резултати за депресија и справување со одредени ситуации е поголем.




***Слика 11. Скала на руминативни одговори со резултати помеѓу ЛГБТКИ и не-ЛГБТКИ во онлајн и теренските примероци***

Како што покажуваат резултатите, поради секојдневната дискриминација и малтретирање, ЛГБТКИ младите имаат многу полоши резултати по однос на депресијата и справувањето со одредени ситуации за разлика од не-ЛГБТКИ младите. Како што објасни еден млад човек,

***Одиш на работа секој ден, луѓето довикуваат или коментираат, секој ден. Кога ова би се случувало од време на време не би било толку лошо, но на дневна основа е навистина непријатно."***

Како што се гледа од наодите погоре, ЛГБТКИ младите лица кои живеат во Скопје, Македонија трпат огромна количина на негативен општествен притисок, дискриминација, малтретирање и насилство. Живеејќи во ваков вид на опкружување, на дневна основа тоа негативно влијае по нивната ментално здравствена состојба. Сепак, кога постои општествена поддршка, особено меѓу сличните на себе, дел од овие негативни појави може да бидат ублажени. Во следниот дел од извештајот го истражуваме степенот на општествена кохезија меѓу ЛГБТКИ популацијата со цел да го истражиме степенот на поддршка во рамки на заедницата.

## 6.4.ПОВРЗАНОСТ СО ЛГБТКИ ЗАЕДНИЦАТА

Скалата на поврзување со ЛГБТКИ заедницата има вкупен резултат од 40 и го мери нивото на општествена кохезија и поврзување помеѓу луѓето во заедницата.

Како што се гледа подолу, во просек ЛГБТКИ младите лица постигнуваат резултат од 22.8 (онлајн примерок) и 22.0 (теренски примерок) кој благо го надминува 50иот процент (Табела 2). Постои разлика помеѓу ЛГБТКИ подгрупите, младите кои се идентификувале како геј мажи и лезбијки постигнале повисоки резултати, додека бисексуалците имале најниски резултати.

| **Популација** | **Онлајн примерок (n=156)** | | **Теренски примерок (n=27)** | |
|---|---|---|---|---|
| | N | Средина | N | Средина |
| **ЛГБТКИ** | 156 | 22.8 | 17 | 22.0 |
| **Геј мажи** | 73 | 23.3 | 4 | 25.8 |
| **Лезбијки** | 21 | 24.9 | 1 | 22.0 |
| **Бисексуалци** | 50 | 21.4 | 10 | 21.8 |
| **Трансродови лица** | 11 | 24.0 | 1 | 22.0 |

***Табела 1. Резултати на Скалата на поврзување со ЛГБТКИ заедницата од страна на ЛГБТКИ подгрупата во онлајн и теренските примероци***

Покрај фактот што просечниот резултат на Скалата за поврзување со ЛГБТКИ заедницата беше нешто над 50-тиот процент, за време на фокус групите многумина зборуваа негативно за истата во Македонија. Понатаму, младите не се согласија по однос на начините на подобрување и унапредување на правата на ЛГБТКИ во земјата. Се чини дека ЛГБТКИ младите ги имаат интернализирано пошироките општествени ставови кон ЛГБТИ лицата во земјата.

***„Друго прашање е Геј парадата. Мислам дека овде геј парадите служат само за да бодат очи. Самото име значи да славиш, славење на нешто што е веќе прифатено, како што е случај во други земји. Ние се уште не сме на тоа ниво на прифаќање. Она што се случува на парадите всушност рефлектира дел од некое микро ниво, како ние се прикажуваме себеси."***

Како што вели цитатот погоре, младите не се чувствуваат удобно со Геј парадата која глобално се користи како алатка за лобирање и унапредување на правата на ЛГБТКИ лицата. Младите во Македонија не се чувствуваат удобно со овој настан, всушност на него гледаат како на провокативен гест кон општата популација што не придонесува кон поддржување на нивната кауза. Како што е претходно забележано, ЛГБТКИ младите тежнеат кон себе-прикривање повеќе отколку не-ЛГБТКИ младите и како последица на ова произлегува непријатноста при јавно прикажување на заедницата, како и идентификување со неа што може да се види подолу:

***„Имам повеќе проблеми во ЛГБТ кругот. Не знам, но ЛГБТ луѓето се чудни. Кога ќе кажеш на пример дека си геј маж, сакаат да знаат што повеќе за тебе или пак да озборуваат."***

## 6.5.ПЕРЦЕПЦИЈА НА ЛГБТКИ ЗАЕДНИЦАТА

За време на истражувањето тимот ја испитуваше и перцепцијата на пошироката јавност (т.е. хетеросексуалци или не-ЛГБТКИ лица) за ЛГБТКИ заедницата. Користејќи ја Скалата за перцепција на ЛГБТКИ заедницата, скала со 18 прашања со вкупен резултат од 90 поени, истражувавме како хетеросексуалците гледаат на ЛГБТКИ заедницата во Македонија.

Во онлајн примерокот само десет лица ја пополнија Скалата за перцепција на ЛГБТКИ заедницата што е причина зошто за ова прашање овде нема да зборуваме. Малиот примерок испитаници не ја претставува поголемата популација во Македонија. Сепак теренскиот дел од анкетата беше пополнет од вкупно 219 лица. Просечниот резултат во теренскиот примерок беше 57.3 или приближно 60 проценти. Овој податок покажува дека можеби постои некаква толеранција кон ЛГБТКИ заедницата во Скопје, но тоа не значи и нивно прифаќање.

# 7. ДИСКУСИЈА

Општо гледано оваа истражувачка студија е важна и покажува дека ЛГБТКИ младите кои живеат во Македонија се соочуваат со висок степен на дискриминација и малтретирање, како и со висок степен на физичко насилство и недостаток на чувство на сигурност. Поради овие фактори, овие млади луѓе се соочуваат со негативни психосоцијални манифестации од типот на зголемени депресивни чувства, повисок степен на себе-прикривање и анксиозност. Во Источна и Југоисточна Европа досега се направени малку истражувања. Овие наоди генерално покажуваат дека програмите за поддршка на заедницата, вклучувајќи и подобро ментално здравје и психосоцијална благосостојба на заедницата се важни.

Како што се гледа на Скалата за дискриминација, ЛГБТКИ популација трпи повисок степен на секојдневна дискриминација во споредба со своите не-ЛГБТКИ колеги, 28% повеќе во теренскиот примерок и за двапати повисок степен во онлајн примерокот. Понатаму, ЛГБТКИ младата популација има повисоки резултати на Скалите за себе-прикривање и анксиозност при социјална интеракција споредено со не-ЛГБТКИ млади луѓе. На Скалата на руминативни одговори, мерка за симптоматологија на депресијата, во просек имаат повисоки резултати. Перцепцијата на оние ЛГБТКИ лица кои учествуваа во фокус групите придонесе значително кон толкување на квантитативните наоди. Тие објаснија дека не се чувствуваат безбедно во Македонија и дека се под постојани закани од дискриминација и насилство што негативно влијае врз нивната способност да водат автентичен живот, но и врз нивното ментално здравје и генерална благосостојба.

Наодите покажаа и дека користењето на стратегија на случаен примерок (спроведена теренски) дојде до мал број на ЛГБТКИ млада популација, целна група која е тешко достапна. Ова оди во прилог на фактот дека различните стратегии на одредување примероци како со „снежна топка" пригоден примерок и RDS (respondent driven sampling) метод се неопходни со цел да се истражи тешко достапната популација. Вака успеавме да допреме до ЛГБТКИ младата популација и да ги истражиме нивните ставови и гледишта, кои на друг начин немаше да бидат обезбедени.

Стратегијата на теренски примерок по случаен избор меѓу не-ЛГБТКИ лицата покажува дека сепак постојат одредени позитивни перцепции кон ЛГБТКИ младите во Скопје, но тоа не значи и прифаќање на заедницата. Наодите од онлајн анкетата не можеа да се користат во анализата бидејќи само десет лица одговорија на Скалата за перцепција на ЛГБТКИ заедницата.

# 8. ЗАКЛУЧОК

ЛГБТКИ младите кои живеат во Скопје, Македонија секојдневно се соочуваат со дискриминација, малтретирање и насилство. Овие постојани напади на физичко и психичко насилство и злоупотреба оставаат тешки негативни последици по менталното здравје и генерално благосостојбата на ЛГБТКИ заедницата.

# 9. ПРЕПОРАКИ

**Препорака 1: Да се идентификуваат начини за зголемување на општествената кохезија во рамки на ЛГБТКИ заедницата што живее во Скопје, Македонија.** Потребни се системи за поддршка со цел на младите да им се дозволи да се чувствуваат удобно со својата сексуална ориентација и родов идентитет. Со подобрување на општествената кохезија помеѓу сличните на себе, ЛГБТКИ младата популација ќе биде способна да се справи со интернализацијата на општествената дискриминација.

**Препорака 2: Да се изнајдат начини за подобрување на услугите за ментално здравје за ЛГБТКИ младата популација која живее во Скопје, Македонија**. Како што кажавме претходно, откривме дека ЛГБТКИ младата популација има полоши психосоцијални манифестации од типот на симптоматологија на депресија и справување со одредени ситуации. ЛГБТКИ граѓанските организации треба да идентификуваат психолози и терапевти кои се пријателски настроени кон ЛГБТКИ заедницата и кои би можеле да понудат услуги за ментално здравје на оние млади луѓе кои имаат потреба од тоа.

**Препорака 3: Да се продолжи со лобирање за вклучување на заштитата од дискриминација и насилството над ЛГБТКИ лицата во Законот за дискриминација.** Како што е претходно кажано, ЛГБТКИ лицата трпат висок степен на дискриминација и насилство во споредба со не-ЛГБТКИ младите луѓе. Тие сметаат дека владините институции немаат желба да ги заштитат од ваков вид дискриминација и насилство. Групите за лобирање и човекови права и понатаму треба да продолжат со лобирање за правна заштита од дискриминација и говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет.

**Препорака 4: Спроведување на образовни кампањи по сексуална ориентација и родов идентитет со користење на современа литература и најнови информации наменети за јавноста и наставниците.** Младите изјавија дека од причина што многу луѓе никогаш немале можност да комуницираат со ЛГБТКИ лица, не ја разбираат заедницата и проблемите со кои таа се соочува, а ниту пак нивните потреби. Со цел да се помогне во адресирање на овој проблем, граѓанските организации треба да отпочнат со

јавни кампањи за проблемите со кои се соочуваат ЛГБТКИ лицата. Треба да се воведе посебно образование за наставниците за да им се помогне да ги поддржат своите ученици, додека образовните информации треба да бидат актуелни и коректни.

# 10. ПОИМНИК

**Бисексуалец/ка** – Лице кое сексуално и емотивно се привлекува од лица од двата пола.

**Геј маж** – Маж кој сексуално и емотивно се привлекува исклучиво од лице од истиот пол. Поради историското обременување на терминот *хомосексуалец*, се препорачува употребата на овој неутрален термин.

**Дискриминација** – Секое разликување, исклучување, ограничување и секој облик на ставање на лице или на група лица во неповолна положба врз некоја основа. Основите или карактеристиките по кои лицето или групата на лица се доведува во неповолна положба се различни и може да бидат: сексуална ориентација, родов идентитет, родово изразување, род, возраст, раса, етничка и/или национална припадност, верска припадност, политичка определба, и т.н. Дискриминацијата може да биде директна или индиректна, институционализирана и дискриминација по повеќе основи. Вознемирувањето, сексуалното вознемирување, мобингот и сегрегацијата се исто така видови на дискриминација.

**Интерсексуално лице** – Лице кое е родено со хромозомски, хормонски или генитални карактеристики кои не одговараат на зададените стандарди на *машки* и *женски* категории поради својата сексуална и репродуктивна анатомија. Овој термин го замени терминот *хермафродит* кој денес се смета за нестручен и навредлив. Интерсексуалноста може да добие различни облици и да опфати различни положби на интерсексуалните лица.

**Квир** – Овој збор првенствено се однесува на сѐ што се разликува од конвенционалното на некој необичен начин (синоним за чудно, ексцентрично). На почетокот овој термин имал навредливо значење за нехетеросексуалните лица, а денеска се употребува за субверзивно разобличување на постоечките, речиси фиксирани модели, отфрлувајќи ги разликите и идентитетите. Со ова, сите ЛГБТИ лица, без разлика, се опфатени со овој термин, и ниту еден од ЛГБТИ идентитетите не ужива повластена и привилегирана положба. Овој термин означува пркос кон хетеропатријархалните норми.

**Лезбијка** – Жена која е сексуално и емотивно привлечена од лице од истиот пол. *Лезбијка* е еден од најстарите и најпозитивните термини за хомосексуалните жени, кој во лезбиската феминистичка теорија не означува само сексуален идентитет кој се спротивставува на

конвенционалните родови очекувања од жената, туку и општествен и политички идентитет изграден во опозиција кон машкиот шовинизам, патријархатот, хетеросексизмот и фалоцентризмот.

**ЛГБТ** – Сеопфатен термин кој се користи за означување на лезбијките, геј мажите, бисексуалните и трансродовите лица. Може да биде проширен и да ги вклучува квир и интерсексуалните лица (ЛГБТКИ).

**Мизогинија** – Омраза кон жените или кон женскиот род воопшто.

**Патријархат** – Општествен систем во кој мажот има доминантна улога во однос на жената. Патријархалниот систем на вредности и општествени норми ја чини основата на која се одржуваат постоечките системи на односи на моќ и привилегии кои се во континуитет доделуваат на мажите.

**Род** – Како општествен конструкт на полот, родот е категорија која се однесува на економските, социјалните и културните атрибути со кои се стекнуваат биолошки родените тела. Како индивидуален конструкт на сопствениот идентитет/изразување, родот ги потврдува, негира и/или надминуваопштествено зададените и формирани полови и родови улоги на мажите и жените, како и целата бинарна основа на *машко* и *женско*.

**Родов идентитет** – Се однесува на личното чувство и сопствената перцепција на родот, кои може, но и не мора да кореспондираат со полот доделен при раѓањето. Овде спаѓа и личното доживување на телото и другите родови изразувања како што се облекувањето, говорот, гестикулациите и карактерните црти.

**Сексизам** – Дискриминација и/или ставови и однесување кои ги промовираат стереотипите и репресивните општествени улоги и норми засновани на нечиј пол/род.

**Сексуална ориентација** – Емоционална и/или сексуална привлечност кон, како и способност за интимни и сексуални односи со лица од ист пол, различен пол или повеќе од два пола.

**Стрејт** – Пред сè означува нешто *право, без девијација*, нешто *немешано*, но и нешто *конвенционално*, кое не отстапува од нормите кои се прифатени како *вообичаени*, *нормални* и *природни*. Инаку, е неутрална ознака за хетеросексуалните лица.

**Трансродови лица** – Општ термин кој се однесува на лицата чиј родов идентитет и/или родово изразување се разликува од биолошкиот пол стекнат при раѓањето. Терминот може да вклучува и трансексуални и интерсексуални лица, трансвестити и лица со други родови различности/варијанти, но не се ограничува само на нив.

**Трансфобија -** Ирационален страв, нетолеранција, омраза, предрасуди и/или дискриминација кон трансродовите лица.

**Хетеронормативност** – Претпоставка дека сите луѓе се хетеросексуални, т.е. дека хетеросексуалноста е идеална и супериорна во

однос на хомосексуалноста и бисексуалноста. Хетеронормативноста е негативен однос кон хомосексуалноста и бисексуалноста, кој се практикува на систематско рамниште (политичкиот и економскиот систем, културата, општеството) и резултира со систематско непризнавање, исклучување и опресија на нехетеросексуалните идентитети и сексуални однесувања.

**Хетеросексуалец/ка** – Лице кое е сексуално и емотивно привлечено од лице од спротивниот пол.

**Хомосексуалец/ка** – Застарен клинички термин за оние кои се сексуално и/или емоционално привлечени кон лица од истиот пол. Терминот е несоодветен и навредлив за многу геј мажи и лезбијки.

**Хомофобија** - Ирационален страв, нетолеранција, омраза, предрасуди и/или дискриминација кон геј мажите и лезбијките. Хомофобијата се манифестира како неспорно уверување во супериорноста на хетеросексуалноста кое се поттикнува од културните и институционални општествени практики. Ова уверување раѓа насилство кон нехетеросексуалните лица кое пак, се огледува во физичките и вербалните напади врз нив, дискриминацијата при вработување, плаќање даноци, пензионирање и т.н.

# 11. ЗА АВТОРИТЕ

**Кристефер Стојановски** ја фокусира својата кариера на пресекот на здравствените и човековите права, истражувајќи како системите и програмите може да се подобрат за да ги задоволат потребите на маргинализираните популации, посебно во меѓународен контекст. Голем дел од неговите истражувачки потфати ги испитуваат здравствените исходи на сексуалните и останатите малцинства, посебно во Југоисточна Европа. Кристефер престојуваше во Македонија како Фулбрајт стипендист на Стејт Департментот на САД, работејќи со ранливата ЛГБТК популација. Исто така, тој има работено како консултант за Светска Банка, Светската здравствена организација, Рутџерс Универзитетот и останати невладини организации на Балканот. Кристефер е постдипломец по епидемиологија и здравствен менаџмент и политики на Универзитетот во Мичиген. Тој е и придружен член на Европската академска мрежа за ромски студии и ги има презентирано и објавено своите дела на меѓународни конференции и во рецензирани журнали.

**Јована Ѓорѓиовска** е студентка на додипломски студии по психологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија. Моментално е вклучена во неколку меѓународни истражувачки проекти, на различни теми од емоционална интелигенција до трендови во статистичките методи во психолошките истражувања. Покрај нејзината посветеност на успешност во академскиот и професионалниот развој, таа е активна членка на Младинскиот образовен форум.

**Антонио Михајлов** е еден од основачите на здружението за критички пристап кон родот и сексуалноста Субверзивен Фронт Скопје и негов сегашен претседател. Пред да стане ЛГБТИ активист во 2012 год., Антонио, кој е по професија е-бизнис специјалист, работеше во софтверската индустрија во Норвешка и интернет маркетинг во Белгија и Финска. Тековно студира родови студии на постдипломската програма при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. Негови интереси се застапувањето за правата на ЛГБТИ лицата, обука и едукација за ЛГБТИ теми и истражувања за прашања поврзани со ЛГБТИ.

# 12. ЗА СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ

Здружението за критички пристап кон родот и сексуалноста СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје, основано во јуни 2013 година, работи на промоција на критичен, непатријархален пристап кон родот и сексуалноста, на отворање нехомофобична дебата за правата на луѓето кои не се идентификуваат со доминантните хетеронормативни вредности, на политики и стратегии за создавање на поволна општествена и политичка клима за овие луѓе, како и на создавање на органска и организирана квир и ЛГБТИ заедница која би се мотивирала за активно учество во кампањата и борбата за еднакви права.

Субверзивен Фронт работи во 5 стратегиски области:

- Застапување на правата на ЛГБТИ лицата
- Истражувања и политики за ЛГБТИ
- Обука и образование за ЛГБТИ
- Обезбедување бесплатни услуги на правно советување и помош, и психосоцијална помош и советување за ЛГБТИ
- Прибирање средства за ЛГБТИ проекти и иницијативи

Повеќе информации за Субверзивен Фронт може да најдете на:

**Веб**: www.s-front.org.mk **Facebook**: www.facebook.com/SubversiveFront
**Twitter**: @SubversiveFront